ПРЕДЛОГ

**ЗАПИСНИК**

**од 29-та седница на Собранието на ИОРРМ**

На ден 19.10.2021 година во просториите на Едукативен центар М-ШЕСТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 810 бр. 2 Гази Баба во Скопје, со почеток во 14.00 часот, како резултат од потребата за одржување на Годишно Собрание на ИОРРМ, земена предвид состојбата во државата настаната како резултат на пандемијата со вирусот КОВИД – 19, преку видео конференција се одржа 29-та седница на Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) на кое присуствуваа членовите на ИОРРМ.

Евиденцијата за пријавени, евиденцијата за присутни членови на Собранието, како и евиденција за пријавени регистрирани членови со право на глас на Собранието ја води стручната служба на ИОРРМ, согласно објавената покана за пријавување на учество на 29-та седница на собранието на ИОРРМ и насоките содржани во неа.

За информатичко - технички работи поврзани со спроведувањето на видео конференцијата преку апликацијата Webex, како и тајното гласање за избор на членови на органите и комисиите на ИОРРМ преку апликацијата ADoodle, беше задолжена техничката служба на Едукативен центар М-ШЕСТ ДООЕЛ Скопје.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на ИОРРМ, Драган Димитров. Пред да се пристапи кон усвојување на доставениот предлог дневен ред, Престедателот по добиените информации од стручната служба на ИОРРМ, констатираше дека на седницата присуствуваат 152 вклучени членови на ИОРРМ, односно се констатира дека е исполнет кворумот за работа на Собранието.

По однос на доставениот предлог дневен ред, претседателот ги информираше присутните дека во предвидениот рок во поканата за седницата, доставен е следниот предлог за дополнување на предлог дневниот ред од страна на Борислав Атанасовски, член на ИОРРМ:

6. Информација за донесени, но неспроведени Одлуки на Собранието од 2018, 2019 и 2020 година.

Присутните членови гласаа по електонски пат за дневниот ред на 29-та седница на Собранието на ИОРРМ со предложеното дополнување, при што дневниот ред беше усвоен со 98 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 7 ВОЗДРЖАН, 44 члена не гласале по дневниот ред, односно на седницата се работеше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на членови на Работна група за верификација на изборот на членови на комисиите, Надзорниот одбор, Управниот одбор и Претседател на ИОРРМ.
2. Усвојување на записникот од 28-та седница на Собранието на ИОРРМ.
3. Усвојување на Одлука за потврдување на Одлука за продолжување на мандатот на членовите на комисии на ИОРРМ, донесена од Управниот одбор на ИОРРМ.
4. Усвојување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на ИОРРМ.
5. Избор на членови на комисиите, Надзорниот одбор, Управниот одбор и Претседател на ИОРРМ.

6. Информација за донесени, но неспроведени Одлуки на Собраните од 2018, 2019 и 2020 година.

1. **Избор на членови на Работна група за верификација на изборот на членови на комисиите, Надзорен одбор, Управен одбор и Претседател на ИОРРМ.**

   По првата точка од дневниот ред, Управниот одбор на ИОРРМ ги предложи Татјана Тодоровска Генерален Секретар, вработена во ИОРРМ како член и Претседател на работната група, Бранка Стојановска, овластен ревизор, вработена во ИОРРМ, Марјонка Николовска овластен ревизор, вработена во ИОРРМ и Мартина Бошевска, административен помошник, вработена во ИОРРМ како членови на работната група.

   Предлогот за членови на Работната група е следниот:

   - Татјана Тодоровска, чен и Претседател на Работната група;
   - Бранка Стојановска, член на Работната група;
   - Марјонка Николовска, член на Работната група; и
   - Мартина Бошеска, член на Работната група.

   Предлогот за членови на Работната група беше усвоен со 114 гласа ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН, 33 члена не гласале по точка 1.

2. **Усвојување на записникот од 28-та седница на Собранието на ИОРРМ.**

   Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка.

   Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, <u>Записникот од 29 -та седница на Собранието на ИОРРМ беше усвоен со 120 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАН, 27 члена не гласале по точка 2.</u>

3. **Усвојување на Одлука за потврдување на Одлука за продолжување на мандатот на членовите на комисиите на ИОРРМ, донесена од Управниот одбор на ИОРРМ.**

   Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка.

   Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, <u>Одлуката за потврдување на Одлуката за продолжување на мандатот на членовите на комисиите на ИОРРМ, донесена од Управниот одбор на ИОРРМ беше усвоена со 117 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 6 гласа ВОЗДРЖАН, 27 члена не гласале по точка 3.</u>

4. **Усвојување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на ИОРРМ.**

   Претседателот ги информираше присутните дека потребата за усвојување на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ИОРРМ се јавува со цел за усогласување со последните измени на Законот за Ревизија (Сл. Весник број 122/2021), што се однесува на називот на ИОРРМ, и воедно да се искористи можноста да се извршат оперативни промени во надлежностите и бројот на членови на неколку Комисии за нивно поефикасно и порационално работење. Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка.

   Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, <u>Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ИОРРМ беше усвоена со 106 гласа ЗА, 14 гласа ПРОТИВ и 11 гласа ВОЗДРЖАН, 22 члена не гласале по точка 3.</u>

*Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ИОРРМ се доставува до Советот за унапредување и надзор над ревизијата на Република Северна Македонија за добивање согласност.*

6. **Избор на членови на комисиите, Надзорен одбор, Управен одбор и Претседател на ИОРРМ.**

Претседателот на Работната група ги информираше присутните дека електронските гласачки ливчиња беа изготвени така што го вклучуваат предлогот на Управниот одбор за членови, како и предлози поддржани од 5 членови на ИОРРМ. Претседателот на Работната група ги информираше присутните за тоа како ќе се движи текот и начинот на гласањето, а кое е согласно Упатството за користење и гласање на онлајн платформата ADoodle што беше доставено до сите навремено регистрирани членови. Кај гласачкото ливче број 4 Комисија за сметководствени стандарди, се гласа за еден член, бидејќи е усвоена Одлуката за измена и дополнување на Статутот од претходната точка, со што оваа комисија сега има 5 члена. Гласачките ливчиња беа испорачани од страна на техничката служба на М Шест ДОО Скопје на доставените адреси за е-пошта на регистрираните членови на ИОРРМ (10 гласачки ливчиња за оваа точка). Претседателот на Работната група ги информираше присутните дека гласањето по овие 10 гласачки ливчиња ќе биде отворено од 14.55 до 15.35 часот, пред и по овој временски период гласачките ливчиња не се активни за гласање.

Пред да започне гласањето, Антонио Вељанов се јави за збор. Ги замоли присутните да се однесуваат етички и да гласаат по свое убедување, а истото го изјавува заради добиени информации за наводно лобирање за изборите.

Потоа, регистрираните членови пристапија кон тајно гласање со пополнување на гласачките ливчиња и испраќање на истите преку платформата ADoodle.

Откако заврши гласањето по сите 10 гласачки ливчиња, претседателот на Работната група за верификација на изборот на членови на комисиите, Надзорен одбор, Управен одбор и Претседател на ИОРРМ ги соопшти резултатите од гласањето на седницата на Собранието за секое гласачко ливче поединечно.

Поради технички проблеми, гласачкото ливче бр. 8Б со кое се избираше 1 член на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги, лице кое не е вработено во Друштво за ревизија или кај овластен ревизор – трговец поединец, се повтори заедно со гласачкото ливче за избор на Претседател на ИОРРМ.

Согласно Статутот на ИОРРМ, а врз основа на резултатите од гласачкото ливче бр. 1 со кој се избираа членови на Управниот одбор на ИОРРМ, Татјана Тодоровска, претседателот на Работната група за верификација на изборот, побара да се изјаснат членовите на новоформираниот Управен одбор на ИОРРМ дали прифаќаат да бидат предложени за избор на Претседател на ИОРРМ. Следните членови на Управниот одбор се изјаснија дека не прифаќаат да бидат избрани за Претседател на ИОРРМ: Огњен Блажевски, Драган Давитков, Јане Иванов, Срѓан Ранѓеловиќ и Владимир Соколовски. Согласно изјаснувањата, се подготви гласачко ливче број 10 за Претседател на ИОРРМ во прв круг во кое, согласно Статутот, се гласаше за тројца од четирите предложени кандидати: Антонио Вељанов, Драган Димитров, Стојан Јорданов и Крсто Несторов.

Согласно резултатите од гласачкото ливче бр. 10 за Претседател на ИОРРМ тројцата кандидати со најголем број на гласови за Претседател на ИОРРМ беа Антонио Вељанов, Драган Димитров и Стојан Јорданов.

Генералниот секретар ги повика тројцата членови на Управниот одбор кои имаа најмногу гласови за Претседател на ИОРРМ да се обратат кон присутните за нивното гледиште за извршување на функцијата Претседател на ИОРРМ.

По излагањата, се пристапи кон гласање за Претседател на ИОРРМ во втор круг.

Претседателот на работната група за верификација на изборот ги соопшти резултатите по гласачкото ливче за Претседател на ИОРРМ и гласачкото ливче 8Б. За Претседател на Управниот одбор, кој е воедно и Претседател на ИОРРМ и на Собранието на ИОРРМ беше избран Драган Димитров, додека заменик претседател беше избран Антонио Вељанов.

Конечните резултати од целиот процес на гласање по анализата се детално наведени во Извештајот на работната група за спроведување на изборот на членови на органите и комисиите на ИОРРМ, кој претставува прилог на овој Записник.

Престедателот им честиташе на новоизбраните и повторно избраните членови на комисиите, Надзорен одбор и Управен одбор на ИОРРМ.

6. **Информација за донесени, но неспроведени одлуки на Собранието од 2018, 2019 и 2020 година.**

Претседателот го повика Борислав Атанасовски, како предлагач на дополнувањето на предлог дневниот ред, да ја образложи точката.

Борислав Атанасовски најпрво му честиташе на Претседателот на ИОРРМ за повторниот избор. Дискутираше дека повод за неговото барање за дополнување на предлог дневниот ред е постапката за донесување на новиот Закон за ревизија. Смета дека во претходните години се донесени некои битни одлуки кои се поврзани со постоечкиот и предлогот за новиот Закон за ревизија, но не се спроведени. Конкретно ја посочи 24-та седница на Собранието на ИОРРМ, одржана во 21.12.2018 година, каде што биле предложени донесување на одредени акти и документи кои ќе помогнат на ревизорите. Конкретно дискутираше дека Правилникот за контрола на квалитет треба да претрпи измени, тема која веќе била дискутирана на претходните седници на Собранието, и за што веќе имало одредени активности, како на пример барањето на Управниот одбор кон членовите на Институтот да предложат измени. Ја посочи реакцијата на членството во субјективноста на оценките на контролорите. Го цитираше Записникот од 24-та седница на ИОРРМ, поточно точката 4 Разно, со која бил дополнет предлог дневниот ред на негов предлог, и со што биле донесени Одлуки за потточките А, Б, В и Г. Дискутира дека истите сеуште се актуелни и прашува зошто не се преземени активности кон решавање на овие прашања со што се остава простор за субјективизам при вршење на контролата на квалитет, а чиешто донесување би ја намалило недовербата кон контролата. Дискутираше дека би имало проблеми при потенцијални судски спорови во кои ќе се оспорува Правилникот за контрола на квалитет. Го посочи член 25 став 7 точка 20 од Статутот на ИОРРМ со кој е уредена надежноста на Управниот одбор да носи упатства за изготвување на ревизорска документација. Бара одговор зошто не се преземени активности.

Претседателот на ИОРРМ ги информираше присутните дека не се донесени официјални одлуки по тие прашања, а имало и други предложени промени на Правилникот за контрола на квалитет кои не биле усвоени на посочената седница на Собранието.

Понатаму додаде дека следствено на 24-та седница на Собранието на ИОРРМ, на 28.02.2019 година бил организиран Форум на фирми во кој што учествувале претставници на 28 Друштва за ревизија и овластени ревизори - трговци поединци, каде што бил донесен и конкретен акциски план со одговорности на одредени тела. Смета дека ова е оперативна работа која што се однесува на фирмите. Дава иницијатива да ваквите прашања да се решаваат преку едно оперативно тело, како Форумот на фирми, каде што би се проценило кои од овие работи се спроведливи во пракса, и од што би произлегле конкретни понатамошни активности и мерки.

Претседателот отвори дискусија по оваа точка.

Борислав Атанасовски побара збор. Тој изјави дека не бил усвоен Предлогот за измена на Правилникот за контрола на квалитетот, но дека во Записникот во друга точка стои Донесување на Одлуки. Бара објаснување зошто тие одлуки не се спроведени.

Претседателот потсетува дека од овие предлози поминале скоро 3 години и побрзо да се покренуваат вакви прашања, а да не се чека до следно Собрание. Дава предлог да се одржи Форум на фирми за да се разгледаат прашањата со конкретни документи, предлози и мислења од соодветните комисии.

За збор се јави Николаки Миов, кој истакна дека самиот тој на Комисијата за контрола на квалитетот и поднел десетици страни материјал со предлози кои Комисијата требала да ги обработи. Го поставува прашањето зошто одново да се почнува со процесот.

За збор се јави Гоце Христов, досегашниот Претседател на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги. Тој истакна дека во однос на иницијативата за измена на Правилникот за контролата на квалитетот биле преземени активности во Комисијата, било испратено циркуларно писмо до друштвата за ревизија за доставување забелешки,а кои што забелешки биле обработени и разгледани од страна на Комисијата. Во последните две години во исчекување е донесување на нов Закон за ревизија, заради што заклучок на Комисијата бил да се почека да се видат измените на законот, за да може Правилникот да се усогласи и со тој закон и со забелешките на членството поврзани со Правилникот. За останатите одлуки кои биле предложени на 24-та седница на Собранието постави прашање дали воопшто формално биле донесени такви одлуки. Комисијата за контрола на квалитет дополнително ги разгледа и ги дискутираше предлозите за донесување на такви одлуки, и се поставуваат прашањата за возможноста на носење на таквите акти, како што е на пример минималниот облик и содржина за работна документација. Земајќи ги во предвид стандардите што се објавени во Службен весник на Република Северна Македонија се поставува прашањето дали треба целосно да се обработат стандардите за да може да се утврди по секој стандард за секој тип на ангажман каква работна документација е потребна ревизорот да има во своето досие.

За збор се јави Ристо Котев. Ристо Котев, како еден од предлагачите на иницијативата за донесување на одлуките од 24-та седница на Собранието, сметал дека предложените измени на Правилникот биле отфрлени, но дури сега од дискусијата на Гоце Христов согледува дека тие се земени предвид. Во однос на формалното донесување на одлуките смета дека не е толку битно, се согласува со Борислав Атанасовски дека предложените точки се многу важни. Го постави прашањето дали, бидејќи новиот Закон за ревизија се чека да се донесе изминатите три години, ќе се чека уште три години доколку не бидат донесен новиот Закон.

Немаше дополннителни пријави за збор од страна на присутните.

Откако беа исцрпени сите точки од дневниот ред, претседателот ја затвори 29 -та седница на Собранието на ИОРРМ.

**Подготвил,**
**Рената Брњарчевиќ**
**28.10.2021 година**

**Драган Димитров**
**Претседател на ИОРРМ**

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0201-552/08
19.10 2021 год.
СКОПЈЕ

**Извештај на работната група за надгледување на изборот на членови на органите и комисиите на ИНСТИТУТОТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

На 29-та седница на Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (понатаму: ИОРРМ) одржана на 19.10.2021 година, присутните членови кои беа регистрирани за гласање, согласно Статутот на Институтот, избираа членови на органи и комисии за членовите со истечен мандат. Се избираа Претседател и членови на:

- Управен одбор
- Надзорен одбор
- Комисија за стандарди за ревизија
- Комисија за сметководствени стандарди
- Комисија за образование, обука и публикации
- Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор
- Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори
- Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги
- Дисциплинска комисија

29-та Седница на Собранието на ИОРРМ се одржа преку видео конференција со електронско тајно гласање. Согласно претходен договор, за информатичко - техничка поддршка поврзана со спроведувањето на тајното гласање преку апликацијата ADoodle, одговорна беше техничката служба на Едукативен центар М-ШЕСТ ДООЕЛ Скопје.

На седницата на Собранието се избра Работна група за надгледување на изборот на членови на телата на ИОРРМ (понатаму: Работна група), и тоа во состав:

1. Татјана Тодоровска (претседател)
2. Бранка Стојановска
3. Марјонка Николовска
4. Мартина Бошеска

Членовите на работната група го следеа текот на спроведување на електронското гласање преку следење на автоматски генерирани извештаи од системите за гласање на апликацијата A Doodle.

Евиденцијата за присутни членови на Собранието, како и евиденцијата за пријавени регистрирани членови за гласање на Собранието ја водеше стручната служба на ИОРРМ, согласно насоките содржани во објавената покана за пријавување на учество на 29-та седница на Собранието на ИОРРМ.

Информации од страна на стручната служба на ИОРРМ за тоа како ќе се движи текот и видот на гласањето беше доставено преку е-пошта до сите навремено регистрирани членови. Информациите вклучуваа Упатството за користење и гласање на онлајн платформата A Doodle. (Прилог бр.1 кон извештајот: Упатство за користење и гласање на онлајн платформата A Doodle).

Тајното гласање по 10 гласачки ливчиња се одвиваше од 14.55 до 15.35 часот. По извршеното тајно електронско гласање за членови на Управен одбор, Надзорен одбор, комисиите и Претседател на ИОРРМ, работната група ги разгледа автоматски генерираните извештаи од системите за гласање на апликацијата A Doodle за да ги утврди избраните кандидати.

За гласање за точката 5 од дневниот ред, работната група на основа на генерираните извештаи го констатираше вкупниот број на гласачки ливчиња што беа пратени на адресите за е-пошта до регистрираните членови за гласање, бројот на гласачи кои не гласале, бројот на гласови за секој кандидат и ги утврди избраните кандидати.

Кај апликацијата ADoodle, терминот „inattentive„ вклучува испратени гласачки ливчиња, за кои што е добиена потврда дека се испорачани, а за кои што гласачот не учествува во гласањето, односно воопшто не го вклучил соодветниот линк за гласачкото ливче. Терминот „attentive, but have not voted„ ги вклучува гласачите кои се вклучиле на линкот за гласачкото ливче, но не го поднеле гласачкото ливче. Гласачите во овие две категории, работната група ги вклучи како гласачи кои не гласале.

Во услови каде што се бира еднаков број на членови од еднаков број на понудени кандидати, од технички причини во гласачките ливчиња се понудени опциите да се гласа ЗА сите кандидирани членови или да се гласа со ВОЗДРЖАН. Ова се однесува на следните гласачки ливчиња:

- Гласачко ливче бр. 3 – за избор на 3 (три) члена на Комисија за стандарди за ревизија
- Гласачко ливче бр. 5 – за избор на 3 (три) члена на Комисија за образование, обука и публикации
- Гласачко ливче бр. 7 – за избор на 3 (три) член на Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори
- Гласачко ливче бр. 8А – за избор на 1 (еден) член на Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги кој е вработен во друштво за ревизија или кај овластен ревизор - трговец поединец
- Гласачко ливче бр. 8Б – за избор на 1 (еден) член на Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги кој не е вработен во друштво за ревизија или кај овластен ревизор - трговец поединец
- Гласачко ливче бр. 9 – за избор на 5 (пет) члена на Дисциплинска комисија.

Работната група ги констатира следните резултати:

**Гласачко ливче бр. 1 – за избор на 5 (пет) членови на <u>Управен одбор:</u>**

Резултати согласно прегледот генериран од апликацијата A Doodle

| | |
|---|---|
| *Вкупно испратени гласачки ливчиња* | *157* |
| *Гласачи кои не гласале* | *16* |
| *Вкупно гласале* | *141* |

| | |
|---|---|
| 1. Ранѓеловиќ Срѓан | 131 гласа |
| 2. Драган Давитков | 119 гласа |
| 3. Јане Иванов | 100 гласа |
| 4. Огњен Блажевски | 97 гласа |
| 5. Антонио Велјанов | 88 гласа |
| 6. Јоанидис Љубица | 85 гласа |
| 7. Сузана Ставриќ | 85 гласа |

**Согласно резултатите од гласањето за членови на Управен одбор беа избрани Срѓан Ранѓеловиќ, Драган Давитков, Јане Иванов, Огњен Блажевски и Антонио Велјанов.**

**Гласачко ливче бр. 2 – за избор на 3 (три) члена на Надзорен одбор:**

Резултати согласно прегледот генериран од апликацијата ADoodle

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *157* |
| *Гласачи кои не гласале* | *18* |
| *Вкупно гласале* | *139* |

1. Симе Јовановски 116 гласа
2. Кристина Тилиќ 111 гласа
3. Ивана Богдановска 100 гласа
4. Јорданчо Којзаклиев 90 гласа

**Согласно резултатите од гласањето за членови на Надзорен одбор беа избрани Симе Јовановски, Кристина Тилиќ и Ивана Богдановска.**

**Гласачко ливче бр. 3 – за избор на 3 (три) члена на Комисија за стандарди за ревизија**

Резултати согласно прегледот генериран од апликацијата ADoodle

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *157* |
| *Гласачи кои не гласале* | *18* |
| *Вкупно гласале* | *139* |

1. Милена Јованова Димоска 122 гласа
2. Билјана Митревска 122 гласа
3. Ненад Тортевски 122 гласа

**Согласно резултатите од гласањето за членови на Комисија за стандарди за ревизија беа избрани Милена Јованова Димоска, Билјана Митревска и Ненад Тортевски.**

**Гласачко ливче бр. 4 – за избор на 1 (еден) член на Комисија за сметководствени стандарди:**

Резултати согласно прегледот генериран од апликацијата A Doodle

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *157* |
| *Гласачи кои не гласале* | *19* |
| *Вкупно гласале* | *138* |

1. Мико Кацарски 82 гласа
2. Ангелина Гогушевска 56 гласа

**Согласно резултатите од гласањето за членови на Комисија за сметководствени стандарди беше избран Мико Кацарски.**

**Гласачко ливче бр. 5 – за избор на 3 (три) члена на Комисија за образование, обука и публикации:**

Резултати согласно прегледот генериран од апликацијата ADoodle

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *157* |
| *Гласачи кои не гласале* | *17* |
| *Вкупно гласале* | *140* |

1. Марија Божиновски 124 гласа
2. Сашка Бошковска Богдановска 124 гласа
3. Жарко Михајловски 124 гласа

**Согласно резултатите од гласањето за членови на Комисија за образование, обука и публикации беа избрани Марија Божиновски, Сашка Бошковска Богдановска и Жарко Михајловски.**

**Гласачко ливче бр. 6 – за избор на 2 (два) члена на <u>Комисија за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор:</u>**

Резултати согласно прегледот генериран од апликацијата ADoodle

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *157* |
| *Гласачи кои не гласале* | *20* |
| *Вкупно гласале* | *137* |

1. Проф. Д-р. Зоран Миновски — 100 гласа
2. Ирена Стојковска — 87 гласа
3. Козарева Јованов Даниела — 78 гласа

**Согласно резултатите од гласањето за членови на Комисија за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор беа избрани Проф. Д-р. Зоран Миновски и Ирена Стојковска.**

**Гласачко ливче бр. 7 – за избор на 3 (три) член на <u>Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори:</u>**

Резултати согласно прегледот генериран од апликацијата Adoodle

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *157* |
| *Гласачи кои не гласале* | *22* |
| *Вкупно гласале* | *135* |

1. Сузана Бошевска Јанкова — 122 гласа
2. Николина Неновска — 122 гласа
3. Елена Петровска – Лазаревски — 122 гласа

**Согласно резултатите од гласањето за член на Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори беа избрани Сузана Бошевска Јанкова, Николина Неновска и Елена Петровска - Лазаревски.**

**Гласачко ливче бр. 8А – за избор на 1 (еден) член на <u>Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги</u> кој е вработен во друштво за ревизија или кај овластен ревизор - трговец поединец:**

Резултати согласно прегледот генериран од апликацијата ADoodle

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *157* |
| *Гласачи кои не гласале* | *19* |
| *Вкупно гласале* | *138* |

1. Ненад Ранѓеловиќ — 118 гласа

**Согласно резултатите од гласањето за член на Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги кој е вработен во друштво за ревизија или кај овластен ревизор - трговец поединец беше избран Ненад Ранѓеловиќ.**

**Гласачко ливче бр. 8Б – за избор на 1 (еден) член на Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги кој не е вработен во друштво за ревизија или кај овластен ревизор - трговец поединец:**

Резултати согласно прегледот генериран од апликацијата Adoodle

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *157* |
| *Гласачи кои не гласале* | *38* |
| *Вкупно гласале* | *119* |

1. Гоце Христов 104 гласа

**Согласно резултатите од гласањето за член на Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги кој не е вработен во друштво за ревизија или кај овластен ревизор - трговец поединец беше избран Гоце Христов.**

**Гласачко ливче бр. 9 – за избор на 5 (пет) члена на Дисциплинска комисија**

Резултати согласно прегледот генериран од апликацијата ADoodle

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *157* |
| *Гласачи кои не гласале* | *19* |
| *Вкупно гласале* | *138* |

| | |
|---|---|
| 1. Костадинка Китановска | 120 гласа |
| 2. Звонко Кочовски | 120 гласа |
| 3. Радмила Миловановиќ | 120 гласа |
| 4. Биљана Поповска | 120 гласа |
| 5. Елена Трпковска Василевска | 120 гласа |

**Согласно резултатите од гласањето за членови на Дисциплинската комисија беа избрани Костадинка Китановска, Звонко Кочовски, Радмила Миловановиќ, Биљана Поповска и Елена Трпковска Василевска.**

**Гласачко ливче бр. 10 – за избор на Претседател на Управен одбор:**

*Резултати согласно прегледот генериран од апликацијата ADoodle*

| | |
|---|---|
| *Вкупно испратени гласачки ливчиња* | *157* |
| *Гласачи кои не гласале* | *28* |
| *Вкупно гласале* | *129* |

| | |
|---|---|
| 1. Драган Димитров | 100 гласа |
| 2. Стојан Јорданов | 98 гласа |
| 3. Антонио Велјанов | 95 гласа |
| 4. Крсто Несторов | 94 гласа |
| 5. Ранѓеловиќ Срѓан | *не прифаќа да биде предложен* |
| 6. Драган Давитков | *не прифаќа да биде предложен* |
| 7. Јане Иванов | *не прифаќа да биде предложен* |
| 8. Огњен Блажевски | *не прифаќа да биде предложен* |
| 9. Владимир Соколовски | *не прифаќа да биде предложен* |

**Согласно резултатите од гласањето за Претседател на Управниот одбор на ИОРРМ, а врз основа на Статутот на ИОРРМ, првите тројца членови со најголем број на гласови се кандидираат за втор круг на гласање, односно: Драган Димитров, Стојан Јорданов и Антонио Вељанов.**

**Гласачко ливче бр. 10Б – за избор на Претседател на Управен одбор (втор круг):**

*Резултати согласно прегледот генериран од апликацијата ADoodle*

| | |
|---|---|
| *Вкупно испратени гласачки ливчиња* | *157* |
| *Гласачи кои не гласале* | *37* |
| *Вкупно гласале* | *120* |

1. Драган Димитров — 58 гласа
2. Стојан Јорданов — 43 гласа
3. Антонио Вељанов — 19 гласа

**Согласно резултатите од гласањето за Претседател на Управниот одбор на ИОРРМ беше избран Драган Димитров.**

Изготвено од Работната група за надгледување на изборот на членови на органите и комисиите на ИОРРМ:

Татјана Тодоровска

Бранка Стојановска

Марјонка Николовска

Мартина Бошеска